Општина Гази Баба

ВЕСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ОКТОМВРИ 2015 • БРОЈ 26

# КУЛТУРНО ЛЕТО 2015













www.gazibaba.gov.mk

БЕСПЛАТНА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА
**0800-42222**
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

БРОЈ ЗА СМС КОМУНИКАЦИЈА
**070/254-772**
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

# Изградба на кружен тек во Гази Баба

Помеѓу улицата „16-та македонска бригада“ и улицата „Коце Металец“ во Автокоманда претседателот на Влада на РМ, Никола Груевски, градоначалникот на град Скопје, Коце Трајановски и градоначалникот Тони Трајковски, официјално го означија почетокот на изградба на уште еден капитален инфраструктурен проект во општина Гази Баба – проект за изградба на кружен тек. Со овој проект, на местото на постојната крстосница помеѓу овие две улици, ќе се формира кружен тек со дијаметар на средишниот зелен појас од 60 м. Во самиот кружен тек ќе се формираат две сообраќајни ленти, со вкупна широчина од 9м. Како дел од овој проект ќе се изврши и реконструкција на коловозот на улицата „16-та Македонска бригада“ во должина од 390 м, како и на дел од улицата „Коце Металец“. Околу кружниот тек и на влезните улици ќе се направи нов тротоар, со широчина од 3 м и велосипедска патека, со широчина од 2,5 м и ќе се постави ново улично осветлување. За одведување на атмосферските води од новиот кружен тек, ќе се изгради атмосферска канализација со цевки со пречник од 400 мм и 600 мм во должина од 634 м, а во текот на градежните работи ќе се направи и заштита на гасоводната цевка и реконструкција на водоводната мрежа со цевки со пречник од 200 мм, во должина од 52 м. Градот Скопје за реализацијата на овој проект ќе потроши околу 45 милиони денари.





## *Проширување на улицата „Благоја Стефковски“*

Во тек се градежните работи за проширување на улицата „Благоја Стефковски“ од крстосницата со улицата „Жан Жорес“. Со проширувањето на овој дел од улицата, ќе се добијат дополнителни ленти со кои ќе се овозможи попроoден и побрз сообраќај, без големи метежи и долги колони. Новата асфалтна површина ќе изнесува околу 1200 м². Изведувач на градежните работи е Јавното Претпријатие „Улици и патишта“, а вредноста на овој проект е 4.500.000,00 денари.







# Посети на урбани и месни заедници

Градоначалникот Тони Трајковски со дел од општинската администрација континуирано ги посетува урбаните и месните заедници. Овој вид на комуникација со граѓаните е многу важен, бидејќи градоначалникот изворно ги добива информациите за потребите на граѓаните во населените места и проблемите со кои се соочуваат. На работните средби граѓаните, градоначалникот и општинската администрација заеднички наоѓаат решенија за надминување на постоечките проблеми и даваат предлози за подобрување за условите за живеење.

Во периодот кога се подготвуваат Програмите за работа за 2016 година, на овие средби заедно со граѓаните на општина Гази Баба се дефинираат и приоритетите во населените места, кои ќе бидат вградени во Програмите и Буџетот за 2016 година.







## *Решенија за легализација*

Општина Гази Баба во континуитет работи на проектот легализација. До сега, општината има издадено околу 5.700 Решенија за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти на физички и правни лица.

Се потсетуваат граѓаните кои немаат доставено елаборати да не го чекаат последниот термин, декември 2015 година, бидејќи може да се случи кога граѓаните ќе побараат да им се изготви елаборат, фирмите кои се овластени да немаат капацитет да го сторат тоа.

До сега од околу 16.000 поднесени барања за легализација, само околу 9000 се со елаборати, што значи голем број од граѓаните сеуште немаат поднесено елаборати.

Ако навреме се доставаат елаборатите службите во општината ќе можат и навреме да ги решат предметите.





# Изградба и реконструкција на пешачки патеки и тротоари



Општина Гази Баба започна со изградба и реконструкција на пешачки патеки и тротоари низ цела територија на општината.

Градоначалникот Тони Трајковски присуствуваше на почетокот на градежните работи за изведба на тротоар на улицата „Лазар Поп Трајков“ во Автокоманда, каде најави изградба и реконструкција на пешачки патеки и тротоари на подрачјето на општината во должина од околу 7200 м. Висината на средствата за овие активности изнесуваат 13 милиони денари, од кои општината ќе учествува со 4,5 милиони денари, а останатите финансиски средства се од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.





## Сервисна улица во Ченто

Во населба Ченто, на улица „М.А. Ченто“, изработена е сервисна улица од павер елементи, која служи за потребите на граѓаните кои живеат во околните згради. Должината на улицата изнесува 110 м и е со широчина од 4,5 м., а општината за овие активности одвои средства во висина од 260.000,00 ден.

## Поставување на ограда во ОУ „Григор Прличев“

Општина Гази Баба ги изведе последните активности од проектот за изградба на нова зграда на основното училиште „Григор Прличев“. Се постави ограда околу училиштето која е во должина од 500 м и со височина од 1,80 м. Инвестицијата е обезбедена од средства од Светска банка во висина од 2.188.900,00 денари.





# Асфалтирање на улици





Општина Гази Баба продолжува со подобрување на патната инфраструктура во општината.

### Асфалтирање на улица Маџари 2

Асфалтирање на улица „Маџари 2“ во н.м Тумба Маџари во должина од 220m. каде во изминатиот период беше поставена фекална канализација. Работите ги изведуваше ЈП „Улици и патишта“.

### Асфалтирање на улица во Црешево

Во н.м. Црешево се асфалтираа два крака од улица број 3. Вкупната должина на двата крака е околу 250 m со вкупна површина од околу 1000 m$^2$. Вредноста на овој проект е 1.300.000,00 денари.

### Асфалтирање на улица во Булачани

Според програмите за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта, во н.м. Булачани за подобрување на патната инфраструктура се асфалтираа улици во должина од околу 1 km. За овие активности од Буџетот на општината се потрошени околу 2.000.000,00 денари.



## Изградба и реконструкција на автобуски постојки

На територија на општина Гази Баба продолжуваат активностите за изградба и реконструкција на автобуски постојки. Се реконструираа автобуските постојки кај рампа во Маџари, во Ергеле, Трубарево, Јурумлери, Колонија и Идризово.

Во следниот период општината ќе продолжи со овие активности и во оние населени места каде што има потреба.



## Реконструкција на улици во Инџиково

Во населеното место Инџиково се изврши реконструкција на улици со струган асфалт. Вкупната должина на реконструираните улици 18, 2, 5 и дел од улица 10 изнесува 940 метри.



# Реконструкција на спортски и детски игралишта

На повеќе спортски и детски игралишта, се врши реконструкција, односно се обновуваат спортските и детско- забавните реквизити, а дел од нив се заменуваат со нови.

Овие активности се вршат на детските игралишта во оние населени места во општината, каде што има потреба. Исто така се врши и репарирање на урбаната орема, клупи и корпи за отпадоци.









## *Работна обиколка на улицата Маџари*



Градоначалникот Тони Трајковски изврши увид на градежните работи на улицата Маџари во населбата Ченто кои се во тек. При работната обиколка се констатираше дека работите се одвиваат според определената работна динамика. Како што веќе информиравме улицата Маџари ќе има 4 сообраќајни ленти со широчина од 3,25 метри, по 2 ленти во секоја насока и нови тротоари со бекатон плочки. Од левата страна на улицата ќе се направи велосипедска патека со широчина од 3 метри и пешачка патека со широчина од 2 метри.

## *Изградба на препумпна станица за градинката Морковче*

Во н.м. Јурумлери се изгради препумпна станица, со што се обезбеди приклучок на објектот на градинката „Морковче" на постоечката канализациона мрежа.



Општина Гази Баба за оваа активност издвои финансиски средства во висина од 250.000,00 ден., а обврска на градинката беше да си обезбеди цевки за приклучок.



# Изградба на секундарна фекална канализациона мрежа во н.м Сингелиќ



Во н.м Сингелиќ на улиците 22 и 37 се започна со изградба на секундарна фекална канализациона мрежа во должина од 600 метри, Вредноста на проектот изнесува 2,5 милиони денари и е финансиран од Министерството за животна средина и просторно планирање. По завршувањето на изградбата на фекалната канализациона мрежа општина Гази Баба ќе изврши санација на улиците.

## *Изградба на примарна фекална канализација во Кадриово маало*

Во Кадриово маало се изгради фекална канализациона мрежа со која ќе се овозможи жителите од ова маало да се приклучат на фекалниот колектор и со кој ќе се подобрат условите за живот на жителите од ова маало, а воедно и ќе се допринесе за заштита на животната средина. Должината на трасата изнесува 350 метри, профилот на цевките е 250 мм и е наменета за околу 50-тина куќи. Целата инвестиција изнесува 1.5 милион денари. Паралелно со изградбата на примарната мрежа заедно со жителите се работи и на секундарната мрежа, односно на индивидуалните приклучоци.





## *Втора фаза на атмосферска канализација*

Се заврши втората фаза на атмосферска канализација на крак на ул.„Благоја Стефковски" која ја поврзува оваа улица со ул. „Перо Наков", преку железничката пруга. Оваа фаза опфати поставување и приклучоци на сливници долж улицата. Општина Гази Баба од својот буџет за овие активности издвои средства во вредност од 576.000,00 денари.

По завршувањето на изградбата на атмосферската канализација, се изврши и асфалтирање на улицата.





# ССК и општина Гази Баба со Деловен клуб до зајакнување на економијата на локално ниво

Сојузот на стопански комори на Македонија (ССК) и општина Гази Баба ја зајакнуваат соработката на повеќе полиња. Заеднички формираа Деловен клуб составен од компании членови на ССК, кои делуваат на ниво на општината од различни дејности и претставници на менаџментот на општина Гази Баба. Целта е зајакнување и развој на дијалогот на локално ниво меѓу јавниот и приватниот сектор, а можност за вклучување во овој клуб ќе имаат и други комори и организации во Република Македонија.

На настанот официјално беше потпишан меморандум за соработка од страна на Заменик претседателот на ССК, Сеад Кочан и градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски, а присуствуваа и претставници на компании од општината, како и претставници на менаџментот на општината.





## *Нова инвестиција во Гази Баба*

Градоначалникот Тони Трајковски и генералниот директор на фирмата Мак Аутостар, Зоран Марковски, потпишаа Договор за продажба на државно градежно неизградено земјиште. Оваа постапка се спроведуваше согласно Законот за отуѓување на градежно земјиште по пат на лицитација, каде фирмата МакАутостар беше победник на лицитацијата. Градежната парцела е во површина од 5060 m$^2$, вкупната површина за градба изнесува 1733 m$^2$, а планираната развиена површина изнесува 12131 m$^2$. Во овој дел е планирано да се изгради деловен простор, кој ќе претставува можност за проширување на капацитетите на компанијата, а истовремено општината ќе добие убав уреден комплекс.

Инвестицијата на фирмата која во следниот период треба да се реализира ќе изнесува околу 7 милиони евра.



# Следење и почитување на Законот за домување

За поуспешно следење и почитување на Законот за домување и прописите донесени врз основа на тој закон, општина Гази Баба има вработено инспектор за домување. Инспекторот има право да врши надзор над станбени, станбено-деловни и деловно–станбените згради, односно да внимава дали управувањето со истите се врши согласно одредбите од Законот за домување и прописите донесени врз основа на тој закон, дали се почитуваат пропишаните норми и стандарди за домување и дали се утврдени закупничките односи, согласно со овој закон. Според Законот, работите на управувањето со станбените згради, односно следењето и спроведувањето на одлуките донесени од собирот на сопствениците на посебните делови во зградата, застапување во правниот промет и во постапките пред надлежните органи со цел за функционирање, одржување и зачувување на заедничките делови на станбената зграда, може да ги врши управител или заедница на сопственици. Доколку сопствениците на посебните делови не определат управител или не регистрираат заедница на сопственици, управителот ќе го определува судот за вонпарнична постапка на предлог на кој било од сопствениците на посебните делови. Општина Гази Баба за своето подрачје востанови и води регистар на станбени згради и станови и регистар на управители на станбени згради. Податоците кои се потребни за водење на регистарот на станбени згради на барање на инспекторот за домување ги доставува управителот, заедницата на сопственици или сопствениците на посебни делови. Сите утврдени неправилности и прекршувања на прописите на Закон за домување ќе бидат соодветно санкционирани согласно овој Закон.





## *Акција за собирање на отпадни гуми во Вардариште*

Комуналната инспекција и инспекцијата за животна средина на Општина Гази Баба во соработка со Министерството за внатрешни работи организираше акција за собирање на отпадни гуми во населеното место Вардариште. Во оваа населба има често палење на огнови од страна на населението. Со акцијата се спречува можноста за спалување на гумите кои беа одземени, а истовремено се опоменуваше локалното население за казнените одредби од Закон за јавна чистота и Закон за животна средина.

Во рамките на акцијата беа собрани околу 70 отпадни гуми од тешки и лесни товарни возила и истите се предадени на овластен постапувач со отпадни гуми.





# Реконструкција и поправки на училиштата



Општина Гази Баба во Буџетот за 2015 година за реконструкција и поправки на објектите на основните училишта има испланирано 20.000.000,00 денари. Од овие средства, до почетокот на новата учебна 2015/16 година, а најповеќе во летниот период, за внатрешно и надворешно уредување на училиштата во општината, се искористени околу 17.000.000,00 денари за подобрување на условите за работа и овозможување на подобро одвивање на воспитно образовниот процес. Средствата беа искористени за реконструкции на покриви и подови, замена на прозорци, реконструкција на санитарни јазли, молерисување и обновување на нагледните средства во училиштата. До крајот на годината за овие намени ќе бидат искористени и преостанатите 3.000.000,00 ден. На територија на општина Гази Баба има 11 основни училишта со околу 7150 ученици.











# Нови проекти во општина Гази Баба





Општина Гази Баба, во соработка со Владата на Република Македонија и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, во следниот период ќе реализира неколку нови проекти кои се од големо значење за жителите на општината.

Проектите се од различна природа, но се однесуваат само на руралната средина. Еден од нив ке се реализира во н.м Инџиково каде ќе се направи комплетна реконструкција на улица 10, каде претходно беше направена фекална канализација и беа поставени приклучоци. На улицата ќе се постави нов асфалт и ќе се изградат пешачки патеки од двете страни.

Вториот проект се однесува на изградба на улицата „Антон Велковски“ во н.м Стајковци, каде ќе се асфалтира улицата и ќе се поставаат пешачки патеки, а воедно ќе се регулира и одведувањето на атмосферската вода.

Третиот проект е улицата „Алија Авдовиќ“од Сингелиќ до Стајковци, каде ќе биде направена комплетно нова рекontрукција со поставување на тмосферска канализација, по што ќе следува комплетно асфалтирање на улицата и изградба на пешачки патеки.



# Реконструкција на пензионерскиот дом во Автокоманда



Градоначалникот Тони Трајковски во присуство на министерот за труд и социјална политика Диме Спасов, директорот на фондот за пензиско и инвалидско осигурување Амет Даути, претседателот на Советот на општина Гази Баба, Милан Андоновски и претседателот на Сојуз на пензионери на Република Македонија, Драги Аргировски, го посетија пензионерскиот дом во Автокоманда, каде беа реконструирани станбените единици. Општината има одличната соработка со Сојузот на здружението на пензионери од општина Гази Баба и секогаш е подготвена за реализација на барањата на пензионерите, кои се во доменот на општината. Досега општината помагаше со поставување на нова урбана опрема, уредување на просторот околу Домот и санација на неколку простории во Домот, а соработката ќе продолжи и во иднина. Градоначалникот најави и усвојување на планска документација, каде се предвидени неколку парцели со намена за домови за сместување на стари лица. Инвестицијата за реконструкција на пензионерскиот Дом во Автокоманда досега изнесува 3 милиони денари, за промена на подовите во 44 станбени единици, замена на старите прозорци, молерисување и уредување на заедничките простории.



## *Посета на стари лица во домашни услови*

Општина Гази Баба и Општинската организација на Црвен Крст на Гази Баба продолжуваат со реализација на предвидените активности во рамките на Дневниот Центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови. Беа посетени повеќе стари лица, на кои им беа извршени превентивни здравствени прегледи, мерење на шеќер во крв и притисок, од страна на доктори и волонтери, кои преку психосоцијална поддршка и разговор ја зголемуваат довербата и взаемното почитување помеѓу младите и старите лица.












# Кампања „Лето без пожари“

СВР Скопје по седми пат ја спроведуваше кампањата против пожари. Во кампањата се приклучи и општина Гази Баба, а целта е да се подигне свеста кај граѓаните и да се воведат рани превентивни мерки и како брзо да се реагира во одредени ситуации при пожари.

Во населеното место Стајковци, на случајни минувачи и возачи им се делеа флаери и флаширана вода, а воедно имаа и кратко објаснување за кампањата. Се потенцираше пораката - Водата е за пиење, а не за гаснење на пожари.

На настанот присуствуваа градоначалникот Тони Трајковски, началникот на Одделението за превенција во СВР Скопје, Биљана Милевска, началникот на полициска станица Гази Баба, претставници од СВР Скопје и месните заедници од населените места од Стајковци до Раштак.

Градоначалникот се приклучи во кампањата со делење на флаери, а воедно разговараше за проектите кои заеднички ќе се реализираат со претставниците од СВР Скопје.

Заедничкиот апел од СВР Скопје и градоначалникот Трајковски упатен до граѓаните на овие населени места, е при движење на отворени простори максимално совесно да се однесуваат, да не се предизвикуваат пожари, а доколку некој граѓанин забележи пожар, ведаш да се јави во противпожарната бригада и до најблиските месни заедници за да може заеднички да се реагира. Општина Гази Баба формира противпожарна бригада составена од 20-тина луѓе,кои имаат добиено сертификат за справување со пожари, и ќе бидат од помош на противпожарната бригада на град Скопје.





# Бесплатни превентивни прегледи во Гази Баба



ЈЗУ Здравствен дом на Скопје по програмски активности на Министерството за здравство на РМ, изврши акции за спроведување на бесплатни превентивни прегледи и совети за заштита и превенција на граѓаните од топлото време (Топлотен бран). Во општина Гази Баба прегледите се вршиеа во паркот Ченто и на плоштадот во Автокоманда во текот на јули и август.







# Превенција од топлотен бран





Општина Гази Баба во соработка со Општинската организација на Црвен крст „Гази Баба", во текот на јули и август, преземаа активности за превенирање на последиците од топлотните бранови врз здравјето на граѓаните на територија на општина Гази Баба. Заштита на здравјето на населението од можните последици како резултат на топлотните бранови се врши така што на најфреквентните места на територијата на општината, како што се автобуските постојки, амбуланти, пазари и слични локации се делеше ладна вода и информативен материјал за превенирање од топлото време, во период од 12 до 16 часот.

Целта на ваквите активности е намалување на заболувањата и смртноста кои настануваат како последица од штетното дејство на топлотните бранови, поголема вклученост на младите во превенција на населението, и подигнување на јавната свест за последиците и заштитата од топлотните бранови.







# Со почит кон Методија Андонов Ченто

По повод 58 годишнината од смртта на првиот претседател на президиумот на АСНОМ и првиот претседател на Македонија - Методија Андонов Ченто, пред споменикот во паркот во н. Ченто, делегации од Општина Гази Баба, Советот на општината, претставници од урбаните и месните заедници, здружение на пензионери, граѓани, општинскиот комитет на ВМРО ДПМНЕ Гази Баба, Унија на жени на ВМРО ДПМНЕ и Унија на млади сили на ВМРО ДПМНЕ, му оддадоа почит и положија свежо цвеќе.





# Положување цвеќе на споменикот на загинатите од земјотресот

На гробиштата во Бутел, делегација од општина Гази Баба, положи свежо цвеќе на споменикот на загинатите граѓани во земјотресот, кој пред 52 години го погоди нашиот главен град Скопје.





# Манифестација „Големата Мајка“



Во неолитското село Тумба Маџари, по петтипат се одржа манифестацијата „Големата Мајка“, на која општина Гази Баба направи промоција на книгата поезија „Премостување на мигот“ од истакнатиот современ македонски писател, Тодор Чаловски, кој за жал набргу потоа ненадејно почина. Ни беше огромна чест



што токму тој беше наш почесен гостин на оваа манифестација.

Промотор на книгата беше проф. Др. Соња Стојменска Елзесер, а во музичкиот дел настапија: етно состав под раководство на Сашо Митев, Силви и Влатко Плевнеш и хорот Хераклеа, под диригентство на Јасмина Ѓорѓеска.

Прекрасниот амбиент на неолитската населба Тумба Маџари, дополнително и даде убавина на целата манифестација.

# „Петровденско чествување“



Во рамките на Културно лето Гази Баба, по трет пат во населеното место Јурумлери, кое го слави празникот Петровден, се одржа Манифестацијата „Петровденско чествување“. Пред големиот број на граѓани во музичкиот дел настапија ѕвездите од македонската естрада – Блага Петреска, Круме Спасовски, Ансамблот за народни песни и ора „Јонче Христовски“, Јане Дунимаглоски, Боби Амадеус, Лајв Бенд и Андријана Андреевска.







Во рамките на Културно лето „Гази Баба 2015“, во дворот на киното Маџари, се одржа манифестацијата „Вечер на забавна музика“. На концертот присуствуваа голем број на посетители кои уживаа во звуците на музиката на ѕвездите од македонската музичка естрада.

За одличната атмосфера на настанот се погрижија: Антонија Гиговска, Кирил-Марлон Брандо, Тања и Владимир, Тони Шоу, Јане Дунимаглоски, Маријана Мариангел, Бојан и Гоце Маротови, Мартинијан Кириловски, Рафинерија и Ивона Јовановиќ.



# Вечер на забавна музика







# Концерт на Миле Кузмановски





Програмата на Културно лето „Гази Баба 2015“ и ова лето понуди забава за сите вкусови и генерации. Како дел од неа, во паркот во населбата Ченто, се одржа концерт на естрадната фолк ѕвезда Миле Кузмановски. Со својот препознатлив репертоар на песни и одличните гласовни можности, ги развесели многубројните посетители.

# Меѓународен фолклорен фестивал „Гази Баба 2015“

По шестипат се одржа Меѓународниот фолклорен фестивал Гази Баба, кој е дел од Програмата за култура на општината.На три целовечерен концерт на Плоштадот во Автокоманда, во Булачани и Паркот во Ченто учествуваа фолклорни друштва од Полска, Србија, Хрватска, Турција, Унгарија и домаќинот „Јонче Христовски“, кои со своите изведби, музика, прекрасните носии од своите држави ја воодушевија присутната публика.















# По осми пат се одржа „Ревија на народни носии, народни инструменти и песни“

Општина Гази Баба со организацијата на голем број на манифестации, станува препознатлива по негувањето на културата и културните вредности од македонската понова и постара историја. Во манастирскиот комплекс на Црквата Св. Спас во Црешево, по осмипат се одржа манифестацијата „Ревија на народни носии, народни инструменти и песни“, која како единствено културно случување од ваков вид во Република Македонија, излегува од рамките на посетеност само на жителите од општина Гази Баба. Големиот број на посетители имаа можност да се воодушевуваат од спојот на прекрасниот колорит на македонската народна носија, звуците на народните изворни инструменти, на прекрасните гласови на нашите македонски песнопојци и на орото, она кое како традиција се пренесува од колено на колено од нашите предци на младите генерации, како и на народните умотворби. На сцената продефилираа машки и женски модели кои носеа носии од повеќе краеви на Република Македонија. Оркестар на изворни инструменти, оркестар чалгии, оркестар на староградска музика, Културно уметничките друштва од Македонска Каменица и Булачани, солистите на изворни инструменти, Бајса Арифовска и Роберт Ангеловски, Аце Трифуновски, групата Соната и легендата на македонската естрада, Нино Величковски, се погрижија публиката да ги слушне старите изворни песни, отсвирени на изворни инструменти и македонски староградски песни, а играорците со нивните изведби да не вратат во минатото, кога орото го отсликувало начинот на живеење, радоста, тагата и маката на македонскиот народ.

Доајените на македонското актерство, Ѓокица Лукаровски и Снежана Коневска Руси, изведоа драматизација на умотворби од македонското народно творештво, собрано во делата на Марко Цепенков.







# Концерт на забавна музика во Триангла





Во н. Триангла, во рамки на културно лето Гази Баба 2015, се одржа концерт на забавна музика.

Пред голем број на посетители, со свои песни настапија групата Сил-ви Бенд, придружувани од членови на балетското студио Еурека.

# *Манифестација во Инџиково*

Во рамките на Културно Лето Гази Баба 2015, во н. Инџиково се одржа културна манифестација на која учествуваа ѕвезди од македонската музичка естрада.

Големиот број на посетители уживаа во одличната атмосфера за која се погрижија: Лајв Бенд, Душко Георгиевски, Ани Малинкова, Антониа Гиговска, Боби Амадеус, групата Ајазмо, Валентина Димитриевска и Оливер Милошевски.









# Концерт на групата „Љубојна“ во Гази Баба



На плоштадот во Автокоманда, во рамки на Културно лето Гази Баба 2015 се одржа целовечерен концерт на групата „Љубојна“.

Општина Гази Баба и овојпат на многубројната публика со овој концерт и понуди едно прекрасно несекојдневно доживување.

Групата „Љубојна“ со своите изведби ги воодушеви присутните од сите генерации.







# *Концерт на трио „Џентлмени“*

Во Неолитското село Тумба Маџари, во рамките на Културно Лето Гази Баба 2015, се одржа концерт на триото „Џентлмени“, кое го сочинуваат Дарко Нешовски, Дејан Стоев и Кристијан Антовски.

Општина Гази Баба и овојпат на многубројната публика со овој концерт и понуди едно прекрасно несекојдневно доживување, преку спојот на духот на Неолитското село и прекрасните гласови на триото Џентлмени.

# Активности на корисниците од „Дневниот центар за стари лица“ - Маџари

## *На концерт во Дом на АРМ - Скопје*



По повод регионалната ревија на СЗПМ корисниците на Дневниот центар го посетија Домот на АРМ. Пензионерите поминаа пријатни два часа, слушајќи го репертоарот кој го подготвија Здруженијата на пензионери на неколку општини, меѓу кои учесник беше и општина Гази Баба.

Ова беше пријателска поддршка од Дневниот центар и нашите корисници на членовите на Здружението, кое доаѓа од истата општина и се наши редовни посетители.

## *Посета на археолошкиот локалитет Тумба Маџари*









Корисниците на "Дневниот центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови" – Маџари, заедно со социјалниот работник беа во посета на блискиот Археолошки локалитет Тумба Маџари. Ова беше дел од исполнување на нивното слободно време но и едукативен час надвор од центарот.

Навистина исполнета и убава глетка се понесе од самиот локалитет. Интересот беше на завидно ниво со оглед на тоа што денот на посетата беше со високи температури. На нивните лица се гледаше задоволството од ова интересно доживување.



Прекрасен исполнет ден со уште поисполнети констатации за неолитот и матријархатот, изложени од одговорното лице кое беше наш водич низ локалитетот Тумба Маџари.

Место кое дефинитивно мора да се посети.







# Драма во изведба на Австралиско - Македонски театар

Корисниците од „Дневниот центар за стари лица проследија драма во режија на Јорде Петревски, инаку иселеник во Австралија.

Драмата беше во изведба на австралиско - македонскиот театар, кој во Австралија ја негува македонската традиција и култура. Мора да напоменеме дека идејата за ова прикажување беше на Петревски, кој меѓу другото е и редовен посетител на Дневниот центар кога е во Македонија, а корисниците од дневниот центар, како добри домаќини му излегоа во пресрет да покаже како работи македонски театар во Австралија.

## *Работилница на тема „Исхрана според крвните групи“*

Социјалниот работник, кој овој пат се најде во улога на предавач, организираше групна работилница на тема - Исхрана според крвните групи, која беше многу интересна за посетителите.





## *Подготовка на вкусна погача*

Во Дневниот центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови - Маџари по иницијатива на корисниците се месеше убава домашна погача, а таквото задоволство го презентираше г-ѓа Гордана Димовиќ.

Целта на работилницата беше да се активираат лицата од трето доба за да ги искажат своите искуства и креативноста во оваа област. Ваквиот тип на работилници се повеќе се практикува во Центарот, каде и заинтересираноста од страна на корисниците расте со секоја нова активност. Ова е уште еден инспиративен момент и целосно задоволство, преку дружење да се исполни слободното време и во летниот период.



# Проект „Градини во детските градинки“




Во предучилишните установи се реализираше проектот „Градини во детските градинки“.

Дечињата вредно засадија разни видови зеленчуци, ги одгледуваа, ги береа, подготвуваа и ги употребија како здрава храна која е важна за нивниот правилен развој.







# *Летни активности во градинките*

За време на летниот период во градинките „25 Мај“ и „Детска Радост“ се одржуваа креативни активности на различни теми за интересна и забавна едукација на дечињата.










# Бесплатни очни прегледи за децата во градинките

Предучилишните установи кои се наоѓаат на територија на општина Гази Баба го поддржуваат проектот за вршење на бесплатни очни прегледи и рана превенција за деца на возраст од 2 до 5 годишна возраст.

Целта на проектот е раното откривање на аномалиите на очите кај децата на возраст од 2 до 5 години кои престојуваат во детските градинки. Проектот ќе се одвива во две фази. Првата фаза ќе трае до мај 2016 година, во која ќе бидат опфатени дечињата од градинките на територија на Република Македонија. Бесплатните прегледи ќе бидат изведени од страна на очни доктори (офталмолози), за добивање на јасна слика за видот кај децата, рана превенција, спречување на поголеми нарушувања на видот и сл.





# *Креативни работилници по повод Денот на независноста*






Најмалите кои престојуваат во објектите на предучилишните установи „25 Мај“ и „Детска Радост“ реализираа активности по повод одбележувањето на празникот 8-ми септември - Денот на независноста на нашата Република под мотото „Роденденот на нашата Република“.



# СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Милан Андоновски** | ВМРО-ДПМНЕ | 070/237-254 | milan.andonovski@gazibaba.gov.mk |
| **Маја Стојчевска** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/254-803 | maja.stojcevska@gazibaba.gov.mk |
| **Зоран Костовски** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/205-339 | zoran.kostovski@gazibaba.gov.mk |
| **Невенка Стаменковска** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/254-814 | nevenka.stamenkovska@gazibaba.gov.mk |
| **Ивица Петровски** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/255-035 | ivica.petrovski@gazibaba.gov.mk |
| **Благе Данев** | СПМ | 072/254-805 | blage.danev@gazibaba.gov.mk |
| **Благојче Трпковски** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/254-804 | blagojce.trpkovski@gazibaba.gov.mk |
| **Јорданчо Тодосиев** | ДС | 072/205-192 | jordanco.todosiev@gazibaba.gov.mk |
| **Елизабета Стојменова** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/254-806 | elizabeta.stojmenova@gazibaba.gov.mk |
| **Марјан Крстевски** | ВМРО-ДПМНЕ | 075/221-216 | marjan.krstevski@gazibaba.gov.mk |
| **Игор Атанасовски** | ВМРО-ДПМНЕ | 070/261-956 | igor.atanasovski@gazibaba.gov.mk |
| **Анета Мишевска - Тодорова** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/254-997 | aneta.todorova@gazibaba.gov.mk |
| **Стојан Блажевски** | ТМРО-ВЕП | 072/255-039 | stojan.blazevski@gazibaba.gov.mk |
| **Николај Чифутов** | ВМРО-ДПМНЕ | 070-223-524 | nikolaj.cifutov@gazibaba.gov.mk |
| **Ѓулсефа Куртеши** | СРМ | 072/205-849 | gulsefa.kurtesi@gazibaba.gov.mk |
| **Александар Каровски** | ВМРО-ДПМНЕ | 070/267-561 | aleksandar.karovski@gazibaba.gov.мк |
| **Милка Видовска** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/255-037 | milka.vidovska@gazibaba.gov.mk |
| **Светлана Трпкоска** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/255-042 | svetlana.trpkoska@gazibaba.gov.mk |
| **Ирфан Аземов** | ДУИ | 072/254-835 | irfan.azemov@gazibaba.gov.mk |
| **Фејзула Зендели** | ДПА | 072/254-836 | fejzula.zendeli@gazibaba.gov.mk |
| **Дарио Николовски** | СДСМ | 072/254-830 | dario.nikolovski@gazibaba.gov.mk |
| **Ѓоре Стојковски** | НСДП | 072/254825 | gjorestojkovski@gazibaba.gov.mk |
| **Веселка Стојановиќ** | СДСМ | 072/254-815 | veselka.stojanovic@gazibaba.gov.mk |
| **Сашо Начовски** | ВМРО-НП | 072/205-629 | saso.nacovski@gazibaba.gov.mk |
| **Мица Младеновска** | СДСМ | 072/254-811 | mica.mladenovska@gazibaba.gov.mk |
| **Зоран Стојанов** | ЛДП | 072/254-810 | zoran.stojanov@gazibaba.gov.mk |
| **Цветанка Стојановска** | СДСМ | 072/254-807 | cvetanka.stojanovska@gazibaba.gov.mk |

# Уште една успешна сезона на Александар Илиевски



Градоначалникот Тони Трајковски го прими во својот кабинет маратонскиот пливач Александар Илиевски, кој имаше успешна пливачка сезона.

Оваа година Александар на Светската Гранд При листа го освои 10-тото место, претставувајќи ја Република Македонија пливајќи на маратоните во Аргентина, Канада, Охрид и Капри. Тој исто така на маратонската трка на Велешкото езеро го освои првото место.

Еден од клучните фактори за успехот на Илиевски, покрај ентузијазмот, желбата и напорните секојдневни тренинзи за се повисоки резултати, многу значајна беше и поддршката која му ја дадоа општина Гази Баба и компаниите „Кенди“ Дооел, „Иванов инженеринг“ и „Вардарградба“ од Скопје.

На листата на ФИНА Гранд При помеѓу првите десет се наоѓаат тројца македонци: Евгениј Поп Ацев - прв, Томи Стефановски - деветти и Александар Илиевски - десетти, кои гордо и достоинствено ја претставуваат Република Македонија во светот.





# Голем успех на Мартин Несторовски

На првите Европски олимписки игри во Баку, Азербејџан, Македонската репрезентација учествуваше со 45 натпреварувачи во повеќе спортови. Каратистот Мартин Несторовски од карате клубот Металург, во категорија 84+ освои бронзен медал и уште еднаш ги потврди своите спортски квалитети.

Поради овој голем спортски успех, градоначалникот Тони Трајковски ги прими Мартин Несторовски и тренерите Мирче Јанушевски и Драган Грдановски, каде им го честита големиот успех на Мартин и на клубот Металург.

Општината Гази Баба во изминатите години континуирано ги помага спортските клубови и поединци од нејзиното подрачје, истото ќе го прави и во иднина, а воедно се радува на постигнатите резултати на нејзините спортисти во државата и надвор од неа.









# Фудбалерите на Металург - 2002 први на државното првенство

Градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски, оствари средба со членовите од фудбалскиот клуб Металург - генерација 2002, по повод нивниот голем успех на државното првенство, каде го освоија првото место.

Исто така, најдобриот голман и најдобриот стрелец беа исто така од овој клуб и за своите заслуги добија плакети.

Фудбалерите заедно со својот тренер, Сашо Карацов, му се заблагодарија на градоначалникот за големата поддршка.



# Успеси на ФК Фортуна



Екипата на ФК Фортуна 2009 од Сингелиќ, запиша одличен успех на силниот меѓународен турнир „Респект Куп 2015“ кој се одржа во БиХ.

Генерацијата на играчи родени во 2003 година го освои третото место на турнирот, во силна конкуренција, меѓу вкупно 65 екипи учеснички, извонредно репрезентирајќи го македонскиот фудбал.

Од индивидуалните награди, членот на Фортуна, Мехмед Бафќари го доби признанието за најдобар фудбалер на турнирот, а за најдобар стрелец беше прогласен уште еден играч на македонскиот тим, Сали Алији.

Генерацијата на играчи родени во 2004 година, групата ја мина без пораз, но во четвртфиналето загуби на пенали 3-2 од Респект Калесија. Екипата на Фортуна 2009 во и надвор од теренот беше вистински промотер на општина Гази Баба. Пред секој натпревар дечињата на овој клуб на противниците им доделуваше рекламен материјал на нашата општина.

На средбата, која градоначалникот Тони Трајковски ја оствари со членовите на ФК Фортуна и со нивните тренери, се роди идеја да се организира „Бајрамски турнир“, кој се одржа под покровителство на општина Гази Баба, а во организација на ФК Фортуна 2009. На овој турнир продефилираа повеќе од 200 деца, кои беа поделени во две возрасни категории У12 (2003) и У10 (2005).

Во генерацијата 2003 играа четири екипи: „Фортуна 2009“, „Фамос“, „Милано“ Куманово и „Маџари“.

Првото место без изгубен натпревар го освои екипата на „Фортуна 2009“, на второто место беше екипата на „Фамос“, а третото место го освои екипата на „Милано“ од Куманово.

Во генерацијата 2005 учествуваа: „Фортуна 2009“ (А и Б), „Нова Колонија“, „Маџари“, „Јакупица“ од Велес и Куманово.

И во оваа генерација првото место го освои екипата на „Фортуна 2009“ без ниту еден изгубен натпревар. Второто место го освои екипата на „Нова Колонија“.

За најдобар стрелец на турнирот беше прогласен играчот на „Фортуна 2009“, Бехар Фета со 5 постигнати голови. Наградата за најдобар играч на турнирот му припадна на Џемил Јахии од „Фортуна 2009“.

Наградата за најдобар голман му припадна на Кристијан Ѓорѓиевски од екипата на „Фамос“.

По заршувањето на натпреварите организаторот на турнирот направи дружење на кое се подели баклава по повод празникот „Бајрам“.

Ваквите спортски дружења на децата ќе продолжат и во иднина.

# Летни забавни спортски игри



На спортскиот стадион во Железара во Автокоманда, во месец јули, се одржаа Летните Забавни Спортски Игри, во организација на општина Гази Баба, Опен Фан и градинката „Детска Радост“.

Тие преку многубројните игри се рекреираа и забавуваа заедно со своите воспитувачки. На настанот присуствуваше градоначалникот на општината, Тони Трајковски, како и претставници од првата детска Амбасада „Меѓаши“.





# *Средба со фудбалерите на ОФС Гази Баба*

Градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски, оствари средба со фудбалерите на ОФС Гази Баба, кои учествуваа на Фер Плеј Куп 2015, кој се одржа од 21-23.08.2015 на терените на Спортско Рекреативниот Центар „Билјанини извори“.

На средбата се зборуваше за стекнатите впечатоци но и за постигнатиот успех на купот на кој учествуваа 112 екипи од 8 држави, а натпреварите се одржуваа на два терени - со вештачка и со природна трева. Од ОФС Гази Баба учествуваа вкупно 77 фудбалери, поделени по репрезентации во зависност од возраста, од 2002 до 2007 година.



За најдобар стрелец на купот од генерација 2002, беше прогласен играчот Леонид Игнатов од ОФС Гази Баба.

Градоначалникот им упати честитки за успехот и порача да продолжат да се занимаваат со спорт и дека искрено се надева дека меѓу нив има некој иден репрезентативец.

Фудбалерите на ОФС Гази Баба му се заблагодарија на градоначалникот за големата поддршка (дресови, гаќици и превоз) и во знак на почит му го подарија пехарот од натпреварот за добиеното 3-то место.







# ТУРНИРИ ВО МАЛ ФУДБАЛ

Во изминатиот период се одржаа турнири во мал фудбал во н.м Булачани, Јурумлери и Триангла. Во н.м Булачани учествуваа 22 екипи. Во н.м Јурумлери турнирот беше организиран од страна на ветераните од Јурумлери по повод празникот Петровден, а учество земаа 8 екипи од Гази Баба и од други општини од Скопје. По одиграните наптревари, најдобри беа: I место – Маџари, II место - ОФС Судии, III место – Јурумлери.



Градоначалникот на општина Гази Баба Тони Трајковски и градоначалникот на град Скопје Коце Трајановски, во Триангла го отворија турнирот „8 – ми Септември“ кој се одржа по осми пат.



Општина Гази Баба и понатаму ќе продолжи да ги поддржува спортските настани кои ги организираат спортските клубови од општината.

# *Голем успех на општинската администрација на вторите синдикални игри*



Членовите на Синдикалната организација на општина Гази Баба, по вторпат учествуваа на Синдикалните спортски игри, кои се одржаа во Охрид



од 03.09.2015 до 06.09.2015 година.

На игрите беа пријавени над 20 институции со околу 400 членови, каде општина Гази Баба учествуваше со 21 вработен.

Натпреварите се одвиваа во категорија мажи и жени, во неколку



дисциплини: фудбал, кошарка, баскет, пинг-понг, шах, влечење јаже, пикадо, стрелаштво, одбојка на плажа, скок во далечина, фрлање на ѓуле, спринт до 60 метри и куглање.

Администрацијата на општина Гази Баба постигна огромен успех и освои повеќе пехари и дипломи во различни дисциплини и тоа: 1 место шах-жени, 1 место пинг понг- мажи, 2 место скок во далечина- жени, 3 место спринт до 60 метри- мажи, 3 место куглање-мажи, 3 место баскет- жени, 3 место стрелаштво-жени. Покрај големиот број на награди, општинската администрација се закити и со диплома за најдобро спортски опремена екипа.

Овие спортски игри со својот натпреварувачки дух придонесуваат за позитивна енергија помеѓу вработените во општината и останатите институции.



Од дворот на општината

## Телефони на јавни претпријатија

| | | | |
|---|---|---|---|
| ЈП Водовод и канализација | 0800 22555 бесплатен тел. | ЈП Улици и патишта | 3162 317/ 2783 330 |
| ЈП Комунална хигиена | 3220 827 | ЈСП Скопје | 3174 264 |
| ЈП Паркови и зеленило | 3070 112 | ЈП Паркинг | 3091 072 |

## Контакти со Општина Гази Баба

Адреса:
Архимедова 2, Скопје

**Телефони:**

| | |
|---|---|
| Градоначалник | 02 / 3 22 66 55 |
| Претседател на Совет | 02 / 3 21 22 76 |
| Сектор за поддршка на Градоначалникот | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за правни и Општи работи | 02 / 3 22 59 32 |
| Сектор за јавни дејности | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за Финансиски прашања | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за урбанизам, комунални работи и сообраќај | 02 / 3 23 95 34 |
| Сектор за заштита на животната средина и природата | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за локален економски развој | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за инспекциски работи инспекторат | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за внатрешна ревизија | 02 / 3 22 56 55 |
| Факс | 02 / 3 22 42 52 и 02 / 3 21 51 12 |
| е-маил | redakcija@gazibaba.gov.mk<br>mediumi@gazibaba.gov.mk |
| Интернет адреса | www.gazibaba.gov.mk |
| Број за СМС комуникација на општина Гази Баба | 070/254-772 |
| Бесплатна телефонска линија на Општина Гази Баба | 0800-4-22-22 |

Општина Гази Баба

Редакција:

Емилија Кипровска
Маја Крстевска
Мартин Тодоровски
redakcija@gazibaba.gov.mk

Печати:

Графички центар, Скопје

Тел:

+389 (0) 2/3212886